РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ**
**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

Арх.бр. 03-331/1
12.5. 2020 год.

Во согласност со одредбите од Одлуката за начинот на реализација на дејностите на Економскиот институт согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (бр. 02 – 259/1 од 7.4.2020 година), се донесува

# ***ИЗВЕСТУВАЊЕ***

## ***за студентите на втор циклус студии на Економски институт-Скопје***

1. Во периодот од 19 -22.05.2020 година ќе се заверува летниот семестар. За таа цел, треба да набавите семестрални листови за заверка на семестар, да ги пополните и скенирани, по електронски пат (на e-mail: cece@ek-inst.ukim.edu.mk) да се испрати на Цветанка Атанасова - референт за студентски прашања во Економски институт-Скопје, во погоре наведениот период.
2. Пополнетите семестрални листови ќе ги чувате и кога ќе се олабават мерките на Владата, истите ќе ги доставите во Инстититот, на референтот за студентски прашања-Цветанка Атанасова.
3. Во периодот од 25-28.05.2020 година ќе се пријавуваат испити за полагање во јунската сесијата. За таа цел треба да набавите пријави за испит, да ги пополните и скенирани, по електронски пат (на e-mail: cece@ek-inst.ukim.edu.mk) да се испрати на Цветанка Атанасова - референт за студентски прашања во Економски институт-Скопје, во погоре наведениот период.
4. Согласно препораките за заштита од вирусот Ковид 19, испитите ќе се одржуваат електронски, со користење на средствата за електронска комуникација (упатство дадено во Одлуката за начинот на изведување на наставата и испитите објавена на веб страната на Економски институт-Скопје), односно воспоставување на видео повик меѓу двајцата предметни професори и студентот (пр. преку SKYPE).
5. Сесијата ќе се одржи во периодот од 01-15-06.2020 година. Распоредот на испити по предмети, дополнително ќе го објавиме на веб страната на Институтот и предметните професори ќе ве контактираат да се договорите за начинот и времето на одржување на испитот, со видео повик (пр. Skype).

6. Доколку некој од вас-студентите нема пристап до интернет или од други причини не е во можност на овој начин да го полага испитот, испитот ќе се полага во прва прилика кога ќе се створат услови за физичко присуство при полагање на испитите. **Притоа ќе важи пријавата за испитот што студентот ќе ја поднесе во оваа сесија.**
7. Пополнетите пријави ќе ги чувате и кога ќе се олабават мерките на Владата, истите ќе ги доставите во Институтот, на референтот за студентски прашања-Цветанка Атанасова.

**ДИРЕКТОР**

*д-р Зоран Јаневски*